Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 20.02.2020

На 19.02.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на „Горче Петров", при извршен преглед кај Е.С.(25) и Н.Н.(25), двајата од Скопје, биле пронајдени нож и метален пендрек на расклопување. Тие биле приведени поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против них ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2020 во 13.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје, по претходна пријава за наружен јавен ред и мир во автобус на ЈСП бр.57, на ул.„Александар Ждаревски", кај двајца малолетници на возраст од 16 години од Скопје пронашле електрошок и боксиран. По документирање на случајот, против них ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2020 околу 16.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Трговскиот центар „Сити мол" ги лишиле од слобода К.Г.(44) од Албанија и П.Г.(49) од Италија, поради основано сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Тие биле задржани во Полициската станица Карпош за понатамошна постапка.

На 19.02.2020 во 18.10 часот на Граничниот премин „Деве Баир", при извршена проверка на В.А.(65) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „волво" и полуприколка со турски национални ознаки, било констатирано дека зелените карти за возилото и полуприколката отстапуваат по бојата и перфорацијата од оригиналната, а сериското број бил принтан. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 19.02.2020 во 21.00 часот беше пријавено дека на регионалниот пат Кавадарци – с.Росоман, кај с.Рибарци, патничко возило „мицубиши лансер", со кавадарски регистарски ознаки, управувано од Ж.С.(38) од Кавадарци, излетало надвор од коловозот. Во незгодата Ж.С. се здобил со тешки телесни повреди по што била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за ужакување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 19.02.2020 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.(63) од Скопје пријавил дека на паркинг просторот под Железничка станица бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 19.02.2020 во 11.15 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во рудник во Прилеп, Д.З.(67) од Прилеп, кој управувал товарно возило „сканија 113", со велешки регистарски ознаки, при извршување работни задачи во рудникот паднал од камионот. Тој бил пренесен во Општата болница Прилеп каде од лекар била констатирана смрт. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на одјукција.

Во текот на 19.02.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени три возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и едно возило бидејќи било нерегистрирано. Санкциониран е и еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло и еден возач поради неправилно престигнување. Во однос на пешаците, санкционирани се 11 пешаци. Во текот на изминатиот ден 55 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 19.02.2020 во 21.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ј.Ѓ.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Слан дол", додека се движела со својот двегодишен син, детето било каснато од куче скитник во пределот на десната рака.

Полициски службеници од СВР Битола на 19.02.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека шест возачи управувале возило без да поседуваат возачка дозвола, брзината ја надминале двајца возачи, две возила биле нерегистрирани, технички неисправно било едно возило, а еден возач не користел појас. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 19.02.2020 околу 14.15 часот на ул.„Мурат Бафтијари" во Тетово полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Е.И.(39), затоа што при преглед кај него бил пронајден хероин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2020 во 15.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле Ф.Ѕ.(27) од Гостивар, осуден на затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоотропни супстанции и прекурсори". После тоа, Ф.Ѕ. бил спроведен во Казнено-поправната установа „Тетово" за издржување на затворската казна.

На 19.02.2020 во 21.40 часот, полициски службеници на СВР Скопје, врз основа на судска наредба, го привеле И.П.(31) од Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 235 и 236 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Идризово за издржување на казната.

На 19.02.2020, врз основа на Наредба од Основен суд Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Л.О.(21) од с.Ропалце, општина Липково, кој се барал за издржување на казна затвор од пет години за сторено кривично дело „убиство во обид". На 20.02.2020 околу 01.00 часот тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Идризово.

На 19.02.2020 околу 13.00 часот во с.Смилковци, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле Ј.Ц.(79) од Скопје, за кого на 18.02.2020 во СВР Скопје неговиот син Г.Ц.(47) пријавил дека се одделечил од семејниот дом.

На 19.02.2020 околу 20.30 часот во Полициската станица Тетово, во Медицинскиот центар Тетово било пријавено дека на излез од Гостивар, на магистралниот пат кон Тетово, со повреда од остар предмет го патот бил пронајден О.А.Х.(23) од Р.Турција, со регулиран престој во Гостивар. Тој бил пренесен во Ургентен центар Гостивар за ужакување на лекарска помош. Во 22.00 часот, во врска со настанот, поради сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид" во Полициската станица Гостивар од слобода била лишена К.Д.(24) од Р.Турција, со привременo живеалиште во Гостивар. По целосно документирање на случајот, против нея ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2020 во Полициското одделение Новаци, И.С.(59) од с.Дабгеовци пријавил дека во дворното место пронашол страни гранати. Бил извршен увид и било констатирано дека станува збор за осум неексплодирани артилериски гранати, калибар 75 мм од Првата светска војна, кои биле безбедно подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 20.02.2020 во 03.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека Ј.Д.(41) од Гостивар, вработен во гостиварска фабрика, се здобил со тешки телесни повреди додека бил на работното место. Тој бил пренесен во гостиварската болница „Ѓерид Мурат", а екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар извршила увид.

На 19.02.2020 околу 11.20 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во атар на с.Октиси, струшко, кај место викано „Мезериште",С.Г.(57) од истото село била повредена од дрво кое паднало врз неа. Таа била пренесена во болницата „Св.Еразмо", каде што подлегнала на повредите. Увид на местото извршила увидна екипа од Полициската станица Струга, а по наредба на Јавен обвинител, телото било предадено на одјукција.

На 20.02.2020 околу 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на ул.„Борка Талевски" во Скопје, поради недоразбирање во сообраќајот, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Ш.(29) од Кичево и А.С.(37) од с.Крклино, битолско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2020 во СВР Скопје, И.К.(29) од Радовиш пријавил дека на 16.02.2020 околу 03.45 часот пред казино на ул.„Даме Груев" во Скопје со дрвена палка бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2020 во 17.50 часот во СВР Скопје, Н.В.(31) од с.Звегор, делчевско, пријавил дека околу 16.00 часот во адвокатска канцеларија на ул.„1737" во Скопје, поради нерасчистени имотно-правни односи, бил физички нападнат од С.П. од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2020 околу 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус бр. 57, кој сообраќал на релацијата Радишани - Бутел, на ул. „Александар Ждаревски", поради меѓусебно нетрпение, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу три малолетници од 15 до 16 години, од една страна, и пет малолетници од 13 до 16 години, од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 и член 34 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 19.02.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.С.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Душан Тасковиќ" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 19.02.2020 во 18.49 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул.„Видое Смилевски Бато" едно лице со закана со пиштол од вработената одзело пари и побегнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2020 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет на ул.„11 Октомври" едно лице со закана со пиштол од страна на вработените да одземе пари, но откако му пружиле отпор, побегнало, при што турнало една од вработените, која се повредила. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.И.(26) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Пријавениот, во својот дом држел марихуана за продажба, која заедно со дробилка и дигитална вага му биле одземени при направениот претрес.

На 19.02.2020 во 19.30 часот во Полициската станица Аеродром, 17-годишен малолетник од Скопје пријавил дека во трговски центар на ул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Б.(23) од с.Шипковица, четовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 25.12.2019 пријавениот, поради семејни недоразбирања, со нож му нанел повреди на А.Ф.(21) од с.Шипковица.

Одделението за внатрешни работи Кичево поднесе кривична пријава против Ј.В.(41) од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 27.03.2013 на ул.„Маршал Тито" во Кичево пријавениот, заедно со уште четири лица, со употреба на сила и со закана со огнено оружје одзеле поголема количина златен накит и пари од златара, сопственост на Т.М. од Кичево.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против Л.Б. од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Пријавениот, во викенд кука во С.Горна Белица, сопственост на Д.М.(66) од с.Заграчани, во периодот од јануари 2018 до 17.11.2019, влегол и одзел сувенири, стекнувајќи се со противправна имотна корист.

На 19.02.2020 во 19.30 часот во Полициската станица Аеродром, Л.С.(32) од Велес пријавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Ј.(45) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност". На 24.12.2019, пријавениот отишол во домот на неговата баба Н.Б.(66) од Тетово и повеќе пати со пиштол пукал во воздух.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(63) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице при вршење службено дејствие". На 24.12.2019 во Клиничкиот центар Тетово пријавениот попречувал полициски службеници кои вршеле службени дејствија по пријава за насилство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кратово поднесе кривична пријава против Д.К.(28) од с.Шлегово, кратовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работа на безбедноста". На 14.02.2020 на регионалниот пат Кратово - Пробиштип, на место викано „Елениина глава", пријавениот физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.И.(35) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". На 16.01.2020 во Полициската станица Тетово девојка од Тетово пријавила дека Р.И. ѝ се заканувал и ѝ барал да му ги врати парите што претходно ѝ ги прајал како поклон.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет